МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## од 49 (Четириесет и деветтата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јуни 2024 година (среда)

Четириесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 12 јуни 2024 година (среда), со почеток во 10.36 часот, во просториите на Универзитетот за Туризам и менаџмент.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 19 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Роберт Вељановски, Марјан Стефановски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Стоименовска, Славко Митевски, Невена Георгиевска, Татјана Стојановска и Давор Грче.

Со мало задоцнувње на седницата пристигна и приуствуваа членовите на Советот: Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска и Благица Цветановска.

На 49-та седница на Советот присуствуваа раководителите на секторите и одделенијата во Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 49-та седница со мало задоцнување присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 46-та седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

За работа на Советот на оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД:

1. Советнички прашања

Претседателот на Совет отвори расправа и по редот на прво јавени им даде збор на членовите на Советот на Општина Карпош.

Зема збор членот на Советот Татјана Стојановска која ги постави следните советнички прашања:

1. **Во однос на Правилникот за систематизација, смета дека законски треба да биде објавен на веб страната на Општина Карпош. Исто така смета дека правилникот не е толку обемен материјал да не може да го добие по емаил.**
2. **Во однос на зонското паркирање Општината да побара информација од ЈП „Градски паркинг“ која е динамиката и кои локации се следни за воведување?**
3. **Во однос на добиениот одговор на советничкото прашање за поставување на столбчиња на ул. „Драгиша Мишович“ дека Општина Карпош нема доволно средства, бара конкретна анализа колку финансиски средства се потребни за поставување столбчиња?**
4. **Во врска со претставката од народен правобранител од Советот на родители на ООУ „Лазо Трповски“ , за паркирани возила .**

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска која го постави следното советничко прашање:

**Во 2023 година е пристигнато барање од жители во Бардовци а бидејќи се уште не им е одговорено жителите реагираат повторно , се работи за барање од ул.08, за изградба на потпорен ѕид бидејќи постои активно тонење и пропаѓање на улицата?**

Зема збор членот на Советот Благица Цветановска која го постави следното советничко прашање:

**Барање од сопственик на деловен простор во Порта Влае, дали ќе може да се променат плочките од страна на Бул. Партизански Одреди, бидејќи протекува вода, од страната на ул.„Есперанто“ се променети но од страна на булеварот не?**

Зема збор членот на Советот Виолета Куновска која го постави следното советничко прашање:

**За осветлувањето на улиците во Карпош 4, поточно помеѓу улиците „Волгоградска“ и „Разловечко Востание“, светилките се сменети но е темно, граѓани/жители замолуваат ако може да се постават повеќе светилки ако има таква можност или пак да се појача светлината?**

Зема збор членот на Советот Ивана Петковска која го постави следното советничко прашање:

**Во врска со веќе поставеното советничко прашање да се воведе хуман паркинг, во однос на добиениот одговор дека е испратен допис до ЈП „Градски Паркинг“, поставува прашање дали Општина Карпош има добиено одговор од ЈП Градски Паркинг и кој е законскиот рок за добивање одговор?**

Зема збор членот на Советот Невена Георгиевска која ги постави следните советнички прашања:

**1.Нема информација дали е поднесена иницијатива до Уставен суд за ДУП Ѓорче Петров за која беше одржана вонредна седница на Општина Карпош?**

**2. Зошто ДУП за село Бардовци за блок 12, стои кај комисијата а не се одлучува?**

Зема збор членот на Советот Роберт Велјановски кој го постави следното советничко прашање:

**Постави прашање: Што превзема Општината во однос на сметот кој што со денови не се крева во Влае? Иако тоа не е во надлежност на Општина Карпош, не е јасна ситуацијата како Општината не реагира до ЈП Комунална хигиена да си ја завршат работата?**

Зема збор членот на Советот Славко Митевски кој го постави следното советничко

прашање:

**Постави прашање: Што се случува со спортската сала „Партизан", дали функционира и ако функционира како функционира?**

Зема збор членот на Советот Христо Саракинов, кој го постави следното советничко прашање:

**Постави прашање: На барање на граѓани, кои веќе поднеле барање до Општина Карпош на ул.18 Бардовци, се работи за крак околу 100 метри што не е асфалтиран, во тој дел има околу 7/8 куќи, дали ќе може да им се реши проблемот?**

Членовите на Советот кои поставија советнички прашања побараа писмен одговор на истите.

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 49 (четириесет и деветта) редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 11:10 часот.

Изработил: Јелена Цветковиќ

**Број: 09-8489/4**
**Датум: 02.12.2024 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА
Бранко Ристов